Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за економија** | **Ministria e Ekonomisë**

Сектор за енергетика
Departamenti për energjetikë

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
КОЧАНИ (I)
Примено: 19-08-2020
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
08-1529/11

Архивски знак:
Рок на чување:
ОПШТИНА КОЧАНИ

**Архивски број:** 12-3583/2
Скопје, 13-08-2020 2020 година

До: **ОПШТИНА КОЧАНИ**
**Ул.Раде Кратовче бр.1, 2300 Кочани**

**Предмет: Мислење**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење по однос на Информацијата за негативните влијанија на планираната мала хидроелектрична централа на Мала Река и потребата од запирање на нејзината изведба, Министерството за економија од аспект на надлежностите во делот на енергетиката, информира за следното:

Министерството за економија како надлежно министерство за политиките во делот на енергетиката поддржува активности за промоција на обновливите извори на енергија и поттикнување на енергетската ефикасност, со цел реализација на зацртаните цели за учеството на обновливите извори на енергија утврдени во стратешките документи во насока на постигнување на национална цел за заштеда на енергија.

Согласно член 52 став (7) од Законот за енергетика „Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2018, заради заштита и унапредување на животната средина, постројките за производство на електрична енергија, односно топлинска енергија од обновливи извори на енергија, во кои спаѓаат и малите хидроелектрични централи, се сметаат за објекти од јавен интерес.

Воедно, информираме дека спроведувањето на постапките за доделување на концесија за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија, се во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА - MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје - Shkup

Изработил/Përpiloi:Магдалена Даскалова
Контролирал/Kontrolloi: м-р Валентина Старделова
Одобрил/ Aprovoi: м-р Исмаил Лума, mr. Ismail Luma
Согласен/Miratoi: Зоран Павловски